# ОСВРТИ И ПРИКАЗИ

## *ЖИВИОТ ПЕСОК: ИНТЕЛИГЕНЦИЈАТА (Научната интелигенција во Македонија),* Д-р Јован Корубин, *„Просвета", Куманово, 1994*

Истражувајќи ги специфичностите на социјалната организација на економската, политичката и културната формација на современите општества, социолозите и другите општественонаучници докажуваат дека трудот веќе не е фундаментална социјална и социолошка реалност. Иако повеќеслојна, конкретно историската аргументација на тезата за укинување на трудот и општеството засновано на таа социјална матица може да се синтетизира со посредство на концептот „општество на знаењето".

Централна институција на ова општество не е фабриката туку универзитетот и истражувачко-развојното биро. Во овие две нови институции е лоцирана и дејствува основната класа на постиндустриското општество, таканаречената „класа на знаењето". Оттука, истражувањето на нејзиниот социолошки профил се вреднува како една од приоритетните цели на современата социологија. Остварувањето на оваа цел е теориски и емпириски компклексен истражувачки предизвик. За тоа говори и делото на Јован Корубин.

Насловот на книгата, *Живиот песок: интелигенцијата (Научната интелигенција во Македонија)*, не е чисто стилски и маркетиншки маневар. Во употребата на Мореновата метафора се исчитува потребата на истражувачот да го направи што потранспарентен главниот резултат од неговото истражување на социологијата на научната интелигенција во Македонија.

Содржинската структура на книгата открива дека авторот своето истражување го осмислил и извел како обид за надоврзување на резултатите на светската научна мисла. Во прилог на тоа говорат методолошките карактеристики на теориското и емпириското истражување. Резултатите од теориското истражување се сместени во првиот дел, а резултатите од емпириското истражување во вториот дел.

Во првиот дел од книгата, со цел да го изведе поимот научна интелигенција, авторот дава преглед на резултатите од анализата на теориските контроверзи за интелигенцијата, односно интелектуалците. Истите се синтетизирани околу четири основни прашања: интелигенцијата: мит или стварност; функциите на интелигенцијата: вон времето или со времето; интелигенцијата во општествената структура: образовниот двојник на средната класа.

Поимната анализа на термините „интелигенција" и „интелектуалци" вклучува низа социогенетички елементи. Научниот поим за интелигенцијата и интелектуалците е елабориран како елемент на колективната свест. Се покажува дека прашањето што е интелигенцијата било решавано во зависност од конкретната историска и општествена констелација. Поимите интелигенција и интелектуалци од кои што се изведува поимот научна интелигенција се творба на XIX век. Иако се појавиле во две различни социјални средини – терминот „интелигенција" во Русија, односно во Полска, а терминот „интелектуалци" во Франција – двата термина имале, во својата основа, идентично значење. Тие означувале образовани луѓе кои едновремено биле и носители на хуманистичките идеали. Ова упатува на констатација дека појдовен критериум на дефиницијата на овие поими е карактерот и содржината на основната дејност.

Но, дефинирањето на карактеристиките на карактерот и содржината на дејноста на интелигенцијата во рамките на поделбата на трудот не е доволно да ја открие специфичната општествена тежина на интелигенцијата. За таа цел неопходна е анализа на нејзината класна, односно политичка и стратификациска природа и положба.

Прашањето за политичката положба на интелигенцијата, е прашање за тоа како таа како создавач, пренесувач и применувач на природно-научните, филозофските, политичките, етичките и естетските вредности комуницира и се поставува во однос на класните односи и класниот поредок. Различните решенија на прашањето за ангажманот на интелигенцијата авторот ги класифицира во три групи на состојби: состојба „вон", состојба „во" и состојба „наспроти". Интелектуалниот елитизам и интелектуалниот изолационизам се две можни манифестации на првата состојба. Интелигенцијата која е „во" се манифестира како ‘органски

интелектуалец' (а la Грамши) и интелигенцијата која е „наспроти" се манифестира како дисидентство.

Ваквата „типологија на интелектуалците" или е можеби подобро да се нарече типологија на политичките ангажмани на интелектуалците, соодветствува на сознанијата за хетерогеноста на интелигенцијата во стратификациска смисла на зборот. Повикувајќи се на анализите на положбата на интелигенцијата во стратификациската структура на современите општества, Јован Корубин заклучува дека интелигенцијата не е посебна класа, туку дека е дифузна категорија чиј што социјален хетероген состав не произлегува од нејзиниот однос кон средствата за производство, туку, пред сé, од карактерот и содржината на нејзиниот труд. Врз основа на ваквата претпоставка за карактерот на стратификациската положба на интелигенцијата – функционално, а не сопственички изведена – се заклучува дека интелигенцијата е група која спаѓа во средниот слој. Оттука, таа се препознава како двојник на средната класа.

Врз основа на назначените поимно–теориски анализи и определби, Јован Корубин го скицирал емпириското истражување на некои, како што ги нарекува авторот, структурни белези на научната интелигенција во Македонија. Резултатите од таквото истражување се предмет на елаборација во вториот дел од книгата.

Соочен со сознанието за замките на „живиот песок – интелигенцијата" како и со фактот дека посакуваното истражување би било прво од таков вид во Македонија, авторот ги ограничил своите емпириски истражувачки амбиции на дескриптивна и компаративна анализа. За постигање на планираните истражувачки цели преземена е анализа на примарни и секундарни бази на податоци и употребени се неколку статистички показатели како, на пример, пропорции, проценти, стапки и слично.

Во овој дел од книгата се откриваат заедничките карактеристики на интелигенцијата во Македонија со интелигенцијата воопшто и со интелигенцијата во некои други земји (Словенија, Хрватска, Србија), но исто така се посочува и на специфичностите на структурниот образец на македонската научна интелигенција. Како и интелигенцијата и научната интелигенција во другите земји и македонската интелигенција во модерна смисла на зборот се формира како резултат на развитокот на поделбата на трудот.

Политичката состојба во која се наоѓала Македонија се до 1945 година не допуштала можност за интезивен општествен развиток врз основа на развитокот на поделбата на трудот. Од тие причини, првата интелигенција според својот социопрофесионален состав била претежно учителска и се јавува како фермент на националното освестување.

Основите на современата македонска интелигенција авторот ги лоцира во периодот меѓу двете светски војни. Во овој период таа се продуцирала, пред сè, на литературно и уметничко поле. Главен извор на македонската интелигенција било ситното и средното граѓанство.

Клучен период во развитокот на македонската интелигенција е периодот по Втората светска војна. Во овој период Македонија остварила еден карактеристичен „интелектуален скок". Тој бил условен од институционалните и структурните промени насочени во правец на натамошен развиток на нацијата и нејзината економска и политичка модернизација.

На институционално ниво, иницијализацијата на растот на интелигенцијата во Македонија се покажува како резултанта на политиката за брз развиток на образованието и воспитанието. За илустрација на динамиката на растот на интелигенцијата во Македонија може да послужи податокот дека во учебната 1946/47 година на скопскиот универзитет работеле 21 наставник и 3 асистенти. Во споредба со тоа, во 1990 година на универзитетите во Македонија работеле 1088 наставно–научни работници и 945 соработници. Уште поилустративен податок е порастот на бројот на студентите. Од 8 студенти на 10.000 жители во 1948 година, тој пораснал на 208 студенти на 10.000 жители во 1981 година. Ваквиот раст се илустрира и со податоци за продукцијата на научниот потенцијал како, на пример, во областа на постдипломските и докторските студии.

Централно место, како по обем така и по значење, во вториот дел од книгата, но и во книгата во целина, зазема прегледот на резултатите од анализата на социјалното потекло и статусот на научната интелигенција во Македонија. Претпоставувајќи, веројатно, дека теориските прашања околу поимното определување на категориите социјална структура и социјално потекло се апсолвирани, Корубин не навлегува во теориски дијалог со референтните автори и дела.

Тоа му овозможило поедноставување на проблемот со операционализацијата на поимите социјално потекло и социјален статус на научната интелигенција. Првиот поим е операционализиран со посредство на категориите „социјално-географско" потекло или „социогеографска стратификација" и социопрофесионално потекло или „занимање на родителот кој повеќе придонесувал со материјални средства во семејството". Вториот поим е операционализиран со посредство на категориите „плата", „дополнителни примања", „поседување на недвижна сопственост" и „вид на живеалиштето".

Со цел да ги прикаже промените во таканаречената „социогеографска стратификација" авторот разграничува три генерации на научна интелигенција. И во трите генерации доминира научната интелигенција со градско потекло. Но споредбата на почетната генерација со денешната покажува дека интелектуалниот скок бил проследен со рурализација на научната интелигенција. Ако по војната научната интелигенција во Македонија имала „најурбан" карактер, во споредба со научната интелигенција од другите републики на СФРЈ, третата генерација е порурална од словенечката. Влијанието на процесот на урбанизација на населението во Македонија врз социогеографската стратификација на научната интелигенција Корубин ги дефинира како губење на нејзиниот 'елитно' градски карактер. Но, овој процес не е еднонасочен. Третата генерација е помалку рурална од втората.

Социогеографијата се покажува како релевантна матрица за објаснување на „органскиот" карактер на научната интелигенција во Македонија. Презентираните податоци покажуваат дека земјоделско-шумарските и дел од општествените науки се поруралени од медицинските и техничките науки.

Констатацијата за неелитноста на научната интелигенција во Македонија, Корубин ја потврдува и со резултатите од ана лизата на нејзиното социјално потекло. Научниот позив во Маке донија бил отворен за сите социјални слоеви. Од тие причини научната интелигенција се покажува како групација со хетерогено социопрофесионално потекло.

Сознанието дека расплинетоста на социопрофесионалната стратификација може да прикрие некои релевантни аспекти на социјалното потекло на научниците и истражувачите, Корубин прибегнува кон дихотомна класификација на занимањата, на

мануелни и немануелни. Врз основа на таа постапка, авторот, сепак, заклучува дека 'интелектуалноста' на семејството позитивно влијае врз формирањето на интелектуалците. Зголемувањето на значајноста на овој фактор е особено видлива кај младата научна генерација.

Оваа тенденција за саморепродукција е најсилна во сферата на општествено-хуманитарните и медицинските науки, а најслаба во техничко-технолошките и земјоделските науки.

Анализите на податоците за социјалниот статус, односно за економската, имотната и стамбената положба на научната интелигенција резултираат во заклучокот дека оваа групација припаѓа на средниот слој. Резултатите од примената на објективниот метод за утврдување на местото на научната интелигенција во социјалната структура на македонското општество се поклопуваат со резултатите од примената на референтниот метод. Имено, 65% од испитаниците себе си се гледаат како припадници на средниот општествен слој.

Покрај нејзината релевантност како оригинален придонес кон скромната македонска социолошка библиографија, книгата на Јован Корубин, односно нејзиното објавување и, уште повеќе, нејзиното читање, е чин на саморефлексија на интелигенцијата во Македонија. Со неа се покажува дека научната интелигенција во Македонија не е ништо „недопирливо“ ниту нешто „опасно“. Нејзината средносложна стратификациска положба значи дека таа е поприлично овоземски насочена групација.

**Д-р Ило Трајковски**